Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-394/5
15-11-2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-394/1 од 29.4.2024 година, поднесена од [redacted] од Скопје, со живеалиште на [redacted] против Фемина Форум, за заштита од дискриминација врз основа на национална или етничка припадност и политичко уверување, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа член 21 став 1 точка 14 и член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на ден 7.11.2024 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на национална или етничка припадност и политичко уверување од страна на Фемина Форум кон [redacted]

## Образложение

На 29.4.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од страна на [redacted] против Фемина Форум, за заштита од дискриминација врз основа на национална или етничка припадност и политичко уверување.

Од причина што претставката не содржеше опис на фактичката состојба, односно текстуална содржина во однос на дејствијата на дискриминација, како и поради фактот што не беше наведено физичкото или правно лице против кого се поднесува претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на ден 13.05.2024 година испрати Барање за доуредување на претставката до подносителот.

На ден 20.5.2024 година од страна на [redacted] по електронски пат до Комисијата беше доставен поднесок за доуредување на претставката, заведен под арх. бр. 08-394/3.

Подносителот во доуредувањето најпрво посочува дека претставката ја поднесува против веб сајтот Фемина Форум, а не против определено лице. Наведува дека на темата „претседателски кандидати" на форумот се водело дискусија околу тоа кој за кого ќе гласа на претстојните претседателски избори и се образложувале причините за тоа. Откако подносителот напишал коментар дека ќе гласа за политичката партија ДУИ и за кандидатот за претседател Бујар Османи, други корисници почнале да му пишуваат навредливи коментари со употреба на српски сленгови и го нарекувале „предавник", „одроден" и слично. Подносителот им образложил дека причината поради која би гласал за политичката партија ДУИ е од причина што тој бил за Европа, а најважен приоритет на програмата на партијата било токму тоа, по што тој бил блокиран. Дополнително, наведува дека низ форумот имало разни навредувачки и понижувачки коментари за Албанците, кои не биле избришани, ниту пак корисниците кои ги напишале коментарите биле блокирани.

Во прилог на претставката како докази беа доставени фотографии од коментари на корисници на Фемина Форум.

Оттука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 31.5.2024 година испрати

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Известување бр. 08-394/4 за произнесување по наводите од претставката до ЕМЕДИА ГРУП ДОО Битола, како регистрант на веб-сајтот femina.mk. Бидејќи дописот заедно со поштенската повратница беше вратен во Комисијата со назнака „известен-не побарал", Комисијата на ден 4.7.2024 година направи повторен обид за достава на Известувањето, по што дописот повторно беше вратен со назнака „известен-не побарал".

Од причина што и двата обиди за поштенска достава на Известувањето за произнесување беа неуспешни, Комисијата на ден 26.9.2024 година го испрати Известувањето по електронски пат на е-поштата на административниот контакт на [redacted] До денот на носење на ова мислење, до Комисијата не беше пристигнат одговор од страна на [redacted] ДОО Битола.

Во оваа насока, **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** гласи:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

Од утврдената фактичка состојба и приложените докази, Комисијата констатира дека подносителот на претставката не го направил веројатно тврдењето за постоење на дискриминација.
Имено, за да се стори веројатно тврдењето за извршена дискриминација, потребно е да постои понеповолен третман кон подносителот во однос на третманот на останатите членови на форумот, како и воедно каузалност помеѓу тој третман и дискриминаторските основи. Од фактите на конкретниот случај не може да се заклучи дека етничката припадност на подносителот или неговото политичко уверување било причината поради која тој бил понеповолно третиран, односно блокиран од страна на Фемина Форум.

Во овој контекст, **Правилата и условите за користење на форумот Фемина** предвидуваат дека:

*„Редакцијата на Femina.mk и тимот на форумот не се одговорни за која било содржина или профил генерирани од корисниците. Мислењата и пораките, односно текстовите на овој форум се лични ставови и погледи само на авторите кои ги поставуваат и не го одразуваат ставот на редакцијата на Femina.mk. Авторите на мислењата се одговорни за нивната содржина. Ние не гарантираме за точноста, прецизноста или комплетноста на информациите. [...] Го задржуваме правото да преземаме дејствија против кој било член на форумот, во кое било време. [...] Со користење на кој било дел од овој форум, се согласуваш со правилата и условите за користење на форумот. [...]* ***Ако не се согласуваш со овие услови, те молиме да не се регистрираш на форумот и да не ја користиш нашата услуга.****"*

Оттука, имајќи предвид дека со самото креирање на профил на Фемина Форум, подносителот се согласил со правилата и условите за користење на форумот, [redacted] ДОО Битола и редакцијата на femina.mk не можат да бидат одговорни за објавените содржини во конкретниот случај. При така констатирана состојба произлегува дека во случајот не може да стане збор за дискриминација, односно повреда на одредено право врз основа на заштитна карактеристика.

Врз основа на наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Скопје
15.11.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- [redacted]
-



ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk